РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-017/2017
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел. +389 (0)2 322 66 55, факс +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08-4292/4
07.06.2023 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

## од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 34 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ бр. 102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл. Весник на РСМ бр. 238/19) на ден 07.06.2023 година со почеток во 11 часот во службената просторија на Општина Гази Баба, пред Комисија за полагање на практичниот испит за инспектор, формирана од Градоначалникот на Општина Гази Баба со Арх. Бр. 08/4292/3 од 06.06.2023 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

- **Катерина Ѓорѓиевска**, Советник комунален инспектор во одделение за комунална инспекција и инспекција за животна средина – ментор на кандидатот инспектор.
- **Дарко Стојковски**, Раководител на одделение за градежна инспекција и инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на општината – Виш инспектор, во секторот за Инспекциски работи – Инспекторат.
- **Александра Димитриевска Аврамовска,** Раководител на одделение за комунална инспекција и инспекција на животна средина – Виш инспектор, во секторот за Инспекциски работи – Инспекторат.
- **Ресул Шемо**, Член од областа на градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт – номиниран член од Инспекциски совет.

Кандидатот за полагање на практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е **Перица Пешевски** на работно место Помлад комунален инспектор во одделението за комунална инспекција и инспекција за животна средина во Општина Гази Баба.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испит за стекнување на лиценца за инспектор каде кандидатот Перица Пешевски изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затварање и документирање на инспекцискиот надзор. Кандидатот презентираше вонреден инспекциски надзор.

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Перица Пешевски, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

1. Планирање и подготовка на инспекциски надзор – 15 бода;
2. Спроведување на инспекциски надзор – 25 бода;

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел. +389 (0)2 322 66 55, факс +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

3. Затварање на инспекциски надзор – 25 бода;
4. Документирање на инспекциски надзор – 15 бода.

Комисијата констатира дека кандидатот Перица Пешевски го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 80 бодови.

Полагањето на практичниот дел се реализираше во време, почеток во 11 часот, на ден 07.06.2023 година.

Завршување во 12 часот на ден 07.06.2023 година.

Комисија за полагање на практичен дел од испитот за инспектор

**Катерина Ѓорѓиевска** ______________

**Дарко Стојковски** ______________

**Александра Димитриевска Аврамовска** ______________

**Ресул Шемо** ______________